Делуваме.Локално.Заедно

Daja zor.Lokalnikane.Jekha jek

Act.Local.Together

Birlikte.Yerel.Hareket ediyoruz

Lucrãm.Local.Deadun

Veprojmë.Në nivel lokal.Bashkë

Делујемо.Локално.Заједно

ЧЕТВРТ ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГ НА СЕДНИЦИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ВО ВРСКА СО МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА ПОМАЛИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Јануари-Март 2017 година

Издавач:

Национален ромски центар
Ул „Доне Божинов“ 11/5,
1300 Куманово, Македонија
Тел: +389 31 427 558
E-mail: info@nationalromacentrum.org
Website: www.nationalromacentrum.org
www.ednomagazine.com

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГ НА СЕДНИЦИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ВО ВРСКА СО МЕЃУЕТНИЧКИ ОДНОСИ

**<u>Период: 02 Јануари - 31 Март</u>**

## ВОВЕД

Овој извештај е подготвен во рамки на проектни активности „Подобрување на учеството на (по)малите заедници на локално ниво“ со поддршка на Делегација на Европска Унија и Инсок. Главната цел на проектот е да се воспостават механизми за подобрување на учеството и заштита на правата на Ромите и другите помали заедници на локално ниво во согласност со Охридскиот Рамковен Договор. Периодот на имплементација на проектот е од 01.04.2016 година до 30.09.2017 година во 5 општини: Куманово, Битола, Кочани, Прилеп и Тетово.
Здружението Национален ромски центар-Куманово (НРЦ) заедно со Здружението на Роми АВЕНА-Кочани, почнувајќи од 02 Јануари до 31 Март 2017 година го следеа нивото на квалитет на седниците и нивната динамика, структурата на учесниците во процесот на донесување на одлуки во врска со меѓуетнички односи, дали во општината функционира Комисијата за односи меѓу заедниците и дали истата е консултирана, дали нивните мислења и препораки се земени во предвид, планирањето и алокација на средства, учеството на помалите заедници директно или индиректно како граѓани. Во текот на мониторингот ќе бидат изготвени 5 квартални извештаи за квалитетот на седниците на општинските совети во врска со учеството на помалите заедници во процесот на донесување на одлуки на локално ниво. Пред вас е третиот извештај кој се однесува на период од 02 јануари до 31 март 2017 година.
Целта на мониторингот е седниците на советите да добијат дополнителна транспарентност во процесот на донесување на одлуки и учеството на помалите заедници во креирањето на политики на локално ниво.

По секој мониториран период здруженијата на граѓани и локалните органи ќе бидат информирани преку извештаи за клучните наоди од мониторингот на седниците на советите во врска со меѓуетнички прашања.

## ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ ВО ОПШТИНИТЕ КУМАНОВО И КОЧАНИ

### Устав

Уставот на Република Македонија во Преамбулата и Амандманите од 16.11.2001 година кои произлегоа од Охридскиот рамковен договор внесоа одредени измени во статусот и позиционирањето на помалите етнички заедници во Република Македонија.
Со Амандман 5 се менува членот 7 од Уставот на Република Македонија со кој се воведува дека на целата територија во Република Македонија и во меѓународните односи службен јазик е македонскиот јазик и негово кирилско писмо како и јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо. Личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот се издаваат на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо така и на јазикот кој го зборуваат граѓаните и неговото писмо.
Било кој граѓанин кој живее во единици на локална самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат јазик различен од македонскиот во комуникација со подрачните единици на министерствата како и во комуникација со министерствата може да употреби било кој од службените јазици а министерствата и подрачните едници одговараат на македонски јазик и неговото кирилско писмо како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.
Со Амандман 12 се заменува членот 78 од Уставот на Република Македонија при што се основа Комитетот за односи меѓу заедници кој го сочинуваат 19 члена од кои по 7 од редот на пратеници во Собранието Македонци и Албанци и по еден од редот на пратеници Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Членовите на Комитетот ги избира Собранието, а доколку некоја од заедниците нема претставници, народниот правобранител по консултации со релевантни претставници од тие заедници ќе ги предложи другите членови на Комитетот. Основна функција на Комитетот е да разгледува прашања од односи меѓу заедниците и да дава мислења и предлози кои Собранието е должно да ги разгледува. Во случај на спор за спороведување на постапка за гласање во Собрание Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе се спроведе постапката.

### Закон за локална самоуправа

Законот за локална самоуправа во член 55 ја утврдува Комисијата за односи меѓу заедниците која треба да се формира во општини во кои најмалку 20% од вкупниот број на жители се припадници на одредена заедница. Комисијата ја сочинуваат подеднаков број претставници на секоја заедница во општината, а начинот на изборот се утврдува со статут
на општината. Комисијата разгледува прашања кои се однесуваат на односи меѓу заедниците и за тоа дава мислења и предлози, кои Советот на општината треба да ги разгледа и да одлучи во врска со нив. Во член 90 е утврдено дека во општините службен јазик покрај македонскиот и неговото кирилско писмо е и јазикот и писмото кое го користат најмалку 20% од жители на општината, а за јазикот и писмото кое го зборуваат помалку од 20% од жителите на општината одлучува советот на општината.

**Статути на општини Куманово, Кочани и Прилеп**

Во статутот на општина Куманово донесен на ден 30.06.2003 година, во член 27 е утврдено дека прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20 % од граѓаните на општината , утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Општината. Во член 47 е предвидено формирање на Комисија за односи меѓу заедниците која ќе разгледува прашања кои се однесуваат на односите меѓу заедниците и ќе дава мислења и предлози за начини на нивно решавање кои Советот е должен да ги разгледа и да одлучи во врска со нив.
Во статутот на општина Кочани во член 30 е утврдено да биде формирана Комисија за односи меѓу заедниците, чиј што состав, начин и делокруг на работа ќе ја утврдува со Одлука советот на општината. Воедно во член 7 од статутот е предвидено дека грбот и знамето на општината се избира со мнозинство гласови на советниците, при што е потребно мнозинство и од советниците кои припаѓаат на немнозинските заедници.
Во статутот на општина Прилеп донесен на ден 14.07.2003 година нема ниту една одредба во која се вклучени помалите заедници, односно не е потребно гласовите да припаѓаат на припадниците на помалите заедници за да може советот да одлучува полноважно.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА НАБЉУДУВАЊЕТО

Мониторингот опфаќа 5 седници на советите на општините во Куманово и Прилеп на ден:

**Куманово**
- 31.01.2017 година
- 22.02.2017 година
- 13.03.2017 година

**Прилеп**
-27.01.2017 година
-14.03.2017 година

Во наведените седници се следат и анализираат квалитетот на седниците и нивната динамика, структурата на учесниците, процесот на донесување на одлуки во врска со меѓуетнички прашања, дали Комисијата за односи меѓу заедниците е консултирана и дали нивните мислења и препораки се земени во предвид, нивното учество во процесот на донесување на политики, план за имплементацproperties, планирање и алокација на средства, вклученоста на помалите заедници директно или индиректно како граѓани и сл.

## ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

На седниците на советот на општина Куманово присутствуваа речиси сите членови на советот од позициската и опозициската група вклучително и членовите кои се припадници на помалите заедници. Комисијата за односи меѓу заедниците не присутствуваше на ниту една седница на советот на општина Куманово. Во општина Прилеп на седниците на советот присутствуваа поголем број од советниците и советот имаше можност да одлучува полноважно.

Советот на општина Куманово го сочинуваат 32 советници од кои единаесет се од Коалиција СДСМ, дванаесет советници се од Коалиција ВМРО-ДПМНЕ, четири советника се од ДУИ, двајца советници се од ДПА, еден од НДП и двајца советници се од Група избирачи.
Советот на општина Прилеп го сочинуваат 27 советници од кои шеснаесет се од Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и единаесет од Коалиција СДСМ, во советот на општината има еден претставник од ромската заедница.

## НАОДИ НА МОНИТОРИНГОТ

На седницата одржана на 31.01.2017 година на советот на општина Куманово во однос на точките на дневниот ред имаше дискусии кои ги засегаат правата на помалите заедници на тертиторијата на општина Куманово. По отварањето на седницата на советот од страна на советникот претставник на ромската заедница од Коалиција ВМРО-ДПМНЕ беше побарано на дневниот ред да се стави нова точка за разгледување на информација на начин на кој ЈП „Чистота и Зеленило„ стопанисува со приватно земјиште во сопственост на верски одбор на Ромите од град Куманово. За оваа точка советникот како образложение даде дека во 1994 Ромите од привремена работа во Германија собрале средства со цел да им помогнат на жителите на град Куманово да купат земјиште за гробишта и дека во имотен лист со КП 3407 стои верски одбор на Роми со 4600 м2 земјиште со кое стопанисува ЈП „Чистота и Зеленило„ и за кое на ромската заедница им наплаќа по 6120 ден за гробно место. Претседателот на советот кажа дека за советнички прашања советот одржува посебни седници и за усно поставено прашање се одговара на седницата на кое е поставено прашањето ако се присутни лицето на кое е поставено прашањето и лицето кое го поставува и му даде сугестија на советникот писмено да го поднесе прашањето до директорот на ЈП “Чистота и Зеленило”. На оваа сугестија советникот одговори дека не поставува советничко прашање туку предлог точка на дневен ред. Советникот од група избирачи кажа поради тоа што за оваа точка нема материјали за работа, да се повлече предлогот со цел општинската администарција да подготви материјали и оваа точка да се дискутира на следната седница на советот. Совеник од албанската заедница кажа дека овој предлог е даден уште пред една година и до сега не бил усвоен затоа што немале материјали за расправа. Предлогот точка на дневен ред на советникот за информација за начин на кој ЈП „Чистота и Зеленило„ стопанисува со приватно земјиште во сопственост на верски одбор на Ромите не беше ставена на дневниот ред.

Точка два на дневниот ред беше предлог одлука за верификација на мандат на член на совет на општина Куманово. Верификационата комисија по разгледување на уверението за избраниот советник му предложи на советот на општина Куманово да го усвои извештајот и да го верифицира мандатот на советникот Самет Салиевски од Коалиција на СДСМ. Советот на општина Куманово го усвои извештајот на верификационата комисија, како и одлуката за верификација на мандатот на советникот, по што советникот даде и потпиша свечена изјава.

Точка дванаесет на дневниот ред предлог одлука за давање согласност на годишен план за вработување во општина Куманово за 2017 година. Секретарот на општина Куманово кажа дека согласно планот за вработување во општина Куманово е предвидено да се вработат 31 Македонец, 12 Албанци и 5 Роми. Во моментот во општина Куманово има вработено 26 Срби и согласно пописот од 2002 година сега не е дозволено да се вработи припадник од српската заедница. Советникот претставник на ромската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, кажа дека во општината од 1945 година до денска, во Декември минатата година за прв пат е вработен еден Ром а планирани се уште 5 вработувања. Нагласи дека е потребно да се направи систематизација да се отвори работна позиција референт по прашања на етнички заедници каде што би се вработел припадник на ромската заедница. Секретатот кажа дека претходните години припадноста не била вклучена како услов во огласите на општината и секој можел да се пријави за отворената работна позиција ако ги исполнува условите за јавна администрација и дека податоците во балансерот се ставени од Министерството за информатичка општество и администрација. Советникот даде реплика на овој одговор и кажа дека во 2005-2015 имало

стратегија и акциони планови од Декада на Ромите а, дека во општина Куманово во сегментот за вработување 2016 година се донесени акциони планови. Секретарот на општина Куманово кажа дека согласно законот неможе да се даде приоритет на некого, согласно балансерот кое е на ниво на државата се предвидуваат сите вработувања. По материјалната дискусија советниците ја усвоија точката од дневниот ред предлог одлука за давање согласност на годишен план за вработување во општина Куманово за 2017 година.

На седница на советот на ден 22.02.2017 година на дневниот ред имаше дискусии за неколку од точките на дневниот ред за правата на припадниците на помалите заедници во општина Куманово. За третата и четврта точка од дневниот ред Годишен извештај за работа на Територијална противпожарна единица за 2016 година како и за Програма на ТППЕ за 2017 година, советникот од ромската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, кажа дека во наредните програми на противпожарната едница би било добро како активност да се стави и поголема комуникација во густо населени место, особено кај ромската заедница затоа што советот последните 8 години носел одлуки за доделување на помош за опожарени домови, особено кај ромската популација. Нагласи дека противпожарната едница најмалку влегува кај густо населени места со флаери и известувња особено во зимскиот период. Исто така кажа дека во иднина би требало да имаат оспособени служби кои ќе работат во чистење на оџаците како на физички така и на правни лица. Нагласи дека во оваа единица нема вработено Ром и не е запазена правична застапеност. Секретарот на општината кажа дека протипожарната едницица е дел од општина Куманово и не треба да се гледа посебно и да се каже дека нема планирано или нема да има вработувања од ромската заедница. Комадирот на противпожарната служба кажа дека тие се оперативна а превентивна служба и дека немаат право да формираат оџачарска служба за чистење на оџаци, но постои доброволно друштво кое во најскоро време би требало да фунцкионира. Извештајот на работа за 2016 година и програмата на територијалната противпожарна единица за 2017 година советот на општина Куманово ги усвои.

Точка шест од дневниот ред која се однесуваше на давање на согласност за измена и дополнување на годишен план за вработување во општина Куманово за 2017 година. Советникот од српската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ кажа дека постои дискриминација на припадниците од српската заедница во делот на вработување во општина Куманово. Советникот од ромската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, кажа дека во 2016 година останало само напишано а немало вработени припадници од ромската заедница дека веќе 12 години ниту еден Ром не е вработен во општина Куманово. Секретарот на општината кажа дека за 2016 година иако имало план за вработување, министерство за информатичко општество не донело методолгија за вработување, со што планот не можел да се реализира, затоа општината заради зголемен обем на работа морала да вработи лица на времено вработување преку агенција за привремени вработувања. Кажа дека потребно е да има нови вработувања бидејќи неможе преку агенцијата да се држат вработените, потребоно е да се објави конкурс за упразнетите места. Законот не дозволува нови вработувања во јавна администарција во време на избори и неможе да се рапишат јавни огласи. Нагласи дека општината не ја предвидува процедурата за вработување од заедниците, тоа е во рамките на законодавството. Во процедурата за вработување како еден од услови е националната припадност на вработениот. Бидејќи од врабтените во општината 26 лица се изјасниле како припадници на српската заедница, општината неможе да вработи припадници од таа заедница затоа што е исполнет процентот на застапеност според последниот попис од 2002 година. Претставник од ромската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, кажа дека ромската заедница непознавајќи ги законите е најмаргинализирана заедница и дека во ЈП „Чистота и Зеленило„ веќе е исполнета бројката за вработени Роми и дека во тоа јавно претпријатие нема да има вработувања на Роми. Секретартот кажа дека дека доколку таму е исполент бројот, застапеноста во другите јавни претпријатија можеби не е толку застапена. Советник од српската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, побара да се повлече точката од дневниот ред затоа што има неправда бидејќи материјалите ги добиле пред почетокот на седницата и немале доволно време советниците да ги разгледаат и дека само после две недели има дополнување на предлогот на планот за вработување. Процентот на вработување би требало да се однесува на нови вработувања а, не на веќе вработени во општината. Секретарот

кажа дека законот е дециден и упатува на процедура, тамо кај што има вработени мора да се избалансира, неможе да се каже дека тоа неважи. Советник од група избирачии кажа дека со законот за вработување ќе се овозможи живеење во мултикултурно општество. Овој закон е единствен начин да се обезбеди правична застапеност на сите заедници кои живеат во државата на сите нивоа. Претседателот на советот праша дали се форсира квантитет а не квалитет, само прв на ранг листа влегува другите отпаѓаат кажа дека може да не се исполнува само еден услов а тоа е национална определба и поради тоа да бидат елиминирани од работното место. Исто така нагласи и праша дали листата се затвора само со Албанци, Роми, Македонци и Срби каде се другите заедници Власи, Турци, Бошњаци и другите заедници. Точката давање согласност за измена и дополнување на планот за вработување на општина Куманово за 2017 година беше усвоена.

Како точка број седум на дневниот ред се најде предлог одлука за усвојување на статутарна одлука за имени и дополнувања на статутот на училиштето за основно образование „Панче Пешев„ Куманово. Претставникот од албанската заедница кажа дека измените што сега се поднесени како предлог до советот се во согласност со законот и Уставот. Друг советник од албанска заедница исто така го пофали овој предлог и кажа дека веќе две години тие се залагаат за отварање на паралелка на албанкси јазик во основно музичко училиште Панче Пешев во Куманово за солфеж и теорија и дека во иднина со зголемен интерес ќе се добијат паралелки и за музучки инструменти. По исцрпна дискусија од страна на советниците за оваа предлог точка на дневниот ред претседателот на советот ја стави на гласање по што советот ја усвои предлог одлука за усвојување на статутарна одлука за имени и дополнувања на статутот на училиштето за основно образование „Панче Пешев„ Куманово.

Како дванаесета точка на дневниот ред се најде одлука за кофинансирање на проектот намалување на ризици од поплави во општина Куманово наменет за реконструкција на речното корито на сливот на Липковка река. Претставникот на ромската заедница од коалиција на СДСМ, праша од каде ќе почне санацијата бидејќи најзагрозени се припадниците на ромската заедница, дали санацијата ќе предвиди рушење на куќи или санација на куќите каде што живеат ромите и дали за тоа ќе има некаков надоместок, исто така ја поздрави целта на проектот. Секретарот на општината кажа дека изведувачите на проектот ќе се потрудат во најмала мера или воопшто да не дојдат до рушење на куќите а со реализација на проектот ќе се решат проблемите со поплавите. Дванаеста точка на двениот ред од седницата на советот се увои.

На седница на советот одржана на 13.03.2017 година на дневниот ред немаше точка за помалите заедници на локлано ниво. Советникот од ромската заедница од ВМРО-ДПМНЕ, праша зошто пред советникот од коалицијата на СДСМ претставник на ромската заедница нема табла на ромски јазик, како еден од четирите службени јазици на употреба. Претседателот на советот ги праша службите за ова на кое доби одговор дека во текот на седницата грешката ќе се испрaви.

Претставник на ромската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ, предложи точка на дневен ред, информација за вработени роми во општинската администрација. Секретарот на општината кажа дека до формирање на влада нема да има вработувања во општинската администрација согласно закон за административни службеници и дека нема примено нов вработен без разлика на националноста. Советникот по ова објаснување од страна на Секретарот на општината ја повлече точката од дневниот ред.

По првата и втората точка на дневниот ред годишен извештај за работа на јавна општинска установа Библиотека „Тане Георгиевски„ Куманово за 2016 и финансиски извештај за приходи и расходи на јавна општинска установа Библиотека „Тане Георгиевски„ Куманово за 2016 година, советот водеше заедничка материјлана расправа. Претставникот од ромската заедница од Коалиција на ВМРО-ДПМНЕ кажа дека пред неколку години со поранешната директорка започнале со промоција на ромски книги, се со цел за внесување на ромската заедница во библотеката, но во 2016 година нема ништо направено за ромската заедница со цел да се привлечат припадниците. Можеби би било добро да се побара помош од граѓанксите здруженија

па и од советниците и да се одделат минимални средства за промоција на книги на ромски јазик. Претставник од албанската заедница кажа дека треба да има промоција на книги албански јазик како и на јазиците на припадниците на помалите заедници. Исто така дека библиотеката треба да соработува со основните и средните училишта и да прави промоција на книгите. Директорот на јавната установа кажа дека од 2016 година ограничен е број на ангажирање на лица по основ, договор за дело, авторски договор и други, тие треба да бараат согланост од министерството за организирање на промоции каде што се исплаќаат авторски хонорари. Библиотеката настојува да обезбеди книги за сите граѓани кои што творат во општината на свој јазик и за набавка на книги на други јазици. Бидејќи немаат добиено согласност за ангажирање на лица со авторкси договори немаат можност да најдат промотор во училишта за промоција на книги на било кој од јазиците. Советот на оштината ги увои и двете точки од дневниот ред со поеднинечно изјаснување.

На седница на советот на општина Прилеп на 27.01.2017 година на дневниот ред како точка дваесет и девет се најде Предлог-Заклучок за усвојување на Акциониот план за вработување на ромите на Општина Прилеп. По што точката од страна на предлагачот беше повлечена од дневниот ред.

На ден 14.03.2017 година на седница на советот на општина Прилеп на дневниот ред не се најде ниту една точка за подобрување на учеството на помалите заедници на локално ниво.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Точки на дневниот ред за учество на помалите заедници на локлано ниво не се наоѓаат на дневните редови на седниците на советите доволно, еднинствено во делот на и материјалните дискусии советниците дискутираат за правата на помалите заедници и подобрување на нивните права на локално ниво.

Комисијата за односи меѓу заедниците не е повикувана на седниците на советот на општина Куманово. Истата е потребно да биде консултирана и повикана кога на дневниот ред ќе се најдат прашања за меѓуетничките односи и нејзините препораки и мислења да бидат земени во предвид.

Вклучувањето на помалите заеднции директно или индиректно како граѓани е многу мало на седниците на советите. Потребно е да се вклучат граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво и да учествуваат на седниците на советите како би се овозможила поголема транспарентност на седниците.

Во општина Куманово на дневен ред не се наоѓаат точки за помалите етнички заедници но, по некоја од точките кои се наоѓаат на дневниот ред се отвараат дискусии од кои произлегуваат прашања кои ги засегаат помалите етнички заедници. Потребно е тие прашања и дилеми да се стават како точки на дневен ред на советот како истите би добиле соодветно објаснување со цел за навремено решавање на проблемите кои ги засегаат помалите етнички заедници во општина Куманово.

На седниците на советот на општина Прилеп се најде една точка за вклучување на помалите заедници на локлано ниво, меѓутоа истата беше повлечена од дневниот ред од страна на предлагачот.

## РЕЗИМЕ

Клучните наоди во третиот извештај од монитрингот на седниците се дека во периодот на набљудувањето од 01 октомври-31 декември 2016 година, на седниците на советите малку се дискутирало за меѓуетничките односи и нивното учество во донесување на одлуки на локално ниво,освен по отварање на расправа по некои точки од дневниот ред.

Во општина Куманово службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо е и ромскиот јазик.

Во статутот на општина Кочани предвидено е формирање на Комисија за односи меѓу заедниците, но Комисијата фактички не е формирана.

Комисијата за односи меѓу заедниците во општина Куманово се состои од 12 членови од кои по двајца членови се припадници на македонската, ромската, турската, албанската, српската и влашката заедница.

Во општина Кочани не е формирана Комисија за односи меѓу заедниците, иако во статутот имаат член со кој се овозможува формирање на таква Комисија иако тоа не им е законска обврска.

Прашања за меѓуетничките односи не се наоѓаат на агендата на досегашните седници на советите. Се споменуваат само неколку прашања за кои се отвара расправа кои ги засегаат помалите заедници но нема конкретни точки кои ги засегаат истите.

*****

Проектот „Подобрување на учеството на помалите заедници на локално ниво" е финансиран од страна на Делегација на Европска Унија.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението Национален ромски центар-Куманово (НРЦ) и партнерската организација Здружение на Роми АВЕНА-Кочани и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.